# ЗАДОЛЖЕНИЈА НА СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА И РАБОТНОТО ВРЕМЕ

Задолженијата на стручните соработници се однесуваат на психо-социјалната поддршка која ги опфаќаат психолошките и социјалните потреби на учениците и да ги обноват социјалните релации по некоја вонредна состојба, пандемија или критичен настан.

- Организацијата на работата на стручните соработници ќе се одвива во една смена ,односно работното време ќе биде од 8.00 до 16.00 часот.

- Доколку има отсутни наставници, дежурните наставници и педагошко-психолошката служба ја организираат наставата и воспоставуваат ред заради непречен тек на наставата.

- Стручните соработници ќе следат реализација на наставата со физичко присуство и реализација на наставата од далечина

- Стручните соработници даваат помош на учениците во вид на емоционална поддршка, давање информации или помош при учењето и за учениците со физичко присуство и за учениците кои ја следат наставата преку учење од далечина (online).

- Стручните соработници даваат помош на учениците со проблеми во прилагодување на средината.

- Стручните соработници даваат психолошка поддршка и психолошко советување на родители на ученици во однос на ново настанатата ситуација со Ковид 19 преку онлајн комуникација.

- Кај учениците со физичко присуство од првиот период (од прво до трето одделение ) во секаква конфликтна ситуација ( на пр.паѓање на маска и исмејување во поглед на сите мали незгоди кои би можеле да се случат при почитување на мерките) стручните соработници ќе дадат практична

поддршка во вид на давање информации за почитување на мерките соодветни на степенот на разбирање на ученикот и советување со цел да се намалат, избегнат и решат сите можни емоционални проблеми со кои би се соочил ученикот.

- Ако ученикот развие симптоми на Ковид 19 додека е во училиште – наставникот, стручниот соработник го изолира ученикот во посебна просторија со задолжително носење на заштитна маска и веднаш ги известува родителите - старателите, кој во најкраток временски период треба да го земат детето со цел консултација и натамошни активности со матичниот лекар на ученикот.

Стручни соработници:

Педагог – Марина Хаџипанзова
Психолог – Себахат Сулејмани